**20161323263**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

Врз основа на член 74 став (9) од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија” бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16), министерот за култура, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЗАШТИТНО - КОНЗЕРВАТОРСКИ УСЛОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за издавање на заштитно - конзерваторски услови.

Член 2

(1) Барањето за издавање на заштитно-конзерваторски услови се поднесува на образец „Барање за издавање заштитно-конзерваторските услови“, кој се печати на хартија со бела боја во А4 формат.

(2) Образецот на барањето од став (1) на овој член содржи:

- назив на примателот на барањето „ Управата за заштита на културното наследство-Скопје“;
- наслов „Барање за издвање на заштитно-конзерваторски услови“;
- податоци за подносителот на барањето: целосен назив на подносителот на барањето (установата, правното или физичкото лице); адреса/седиште на подносителот на барањето и податоци за контакт;
- опис на барањето;
- документи кои се доставуваат во прилог на барањето;
- датум и место на поднесување на барањето;
- потпис на подносителот на барањето.

(3) Образецот на барањето од став (1) на овој член е даден во Прилог и составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 52-7872/1
14 јули 2016 година
Скопје

Министер за култура,
д-р **Елизабета Канческа Милевска**, с.р.

Прилог

До

Управата за заштита на културното наследство - Скопје

## Б А Р А Њ Е

за издвање на заштитно–конзерваторски услови

**1. Податоци за подносителот на барањето**

Целосен назив на подносителот на барањето (установата, правното или физичкото лице):

______________________________________________

______________________________________________

Адреса/седиште:______________________________

______________________________________________

Податоци за контакт:__________________________

**2. Опис на барањето:**

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

**3. Документи кои се доставуваат во прилог на барањето (не постари од 6 месеци):**

-копија на извод од Урбанистички план за подрачјето на кое се наоѓа заштитеното добро, бр. _______________ од ________ ;
-копија на извод од Катастарски план за КП бр.___________во КО _______________;
-копија од Имотен лист бр.____________ за КП бр.___________ во КО ___________ и
-фотографии на заштитеното добро.

Датум ___________ Подносител на барањето
Место ____________ ______________________